# ЗГОЛЕМЕТЕ ЈА ПРОДУКТИВНОСТА ВО ВАШАТА КАНЦЕЛАРИЈА СО КОМПАКТЕН И СИГУРЕН СКЕНЕР ЗА НА РАБОТНА МАСА

imageFORMULA
DR-C300 series



**Серијата Canon imageFORMULA DR-C300 е извонредно компактен скенер за А4-документи, дизајниран за максимално подобрување на ефикасноста на работните процеси во малите работни опкружувања.**

**БРЗИНА НА СКЕНИРАЊЕ**
**DR-C360: 60 СТР./МИН. / 120 СЛИКИ/МИН.**
**DR-C350: 50 СТР./МИН. / 100 СЛИКИ/МИН.**
**DR-C340: 40 СТР./МИН. / 80 СЛИКИ/МИН.**

**АВТОМАТСКИ МЕХАНИЗАМ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ ЗА 100 ЛИСТОВИ**

**ПРОЦЕНЕТИ СКЕНИРАЊА ДНЕВНО**
**DR-C360: ДО 13.000**
**DR-C350: ДО 8.000**
**DR-C340: ДО 7.000**

**КОМПАКТНА ГОЛЕМИНА ШИРИНА ОД САМО 283 ММ**

## ПРИДОБИВКИ

- **Заштедете простор на работната маса** со нашиот тесен скенер. Тој е совршен за подружници, продажни места и рецепции.
- **Разновидни и флексибилни работни процеси со документи,** благодарение на издржливиот механизам за снабдување со хартија, кој нуди најдобра сигурност во оваа класа за скенирање различни видови документи.
- **Лесно ракување** со интуитивен екран и лесно разбирливи икони, вклучувајќи и скенирање со еден допир користејќи однапред конфигурирани задачи, за забрзување и поедноставување на задачите за скенирање.
- **Максимизирајте ја продуктивноста** со брзините за двострано скенирање до 120 слики/мин. и со можноста за редење до 100 листови во механизмот за снабдување со документи.
- **Висококвалитетно скенирање** со различни алатки за напредна обработка на слика, за автоматско создавање остри и јасни слики од сите видови документи, дури и од оние со блед текст или со текстура во заднина.
- **Испорачан софтвер** кој нуди дополнителна вредност преку автоматско именување на датотеките, разделување на сериите и обработка на OCR / баркодови, како и зачувување на датотеките во повеќе формати.
- **Намалете го влијанието врз животната средина** Придонесете за заштита на животната средина со користење на овој многу издржлив уред со мала потрошувачка на енергија и намалена употреба на резервни делови.

Canon

# ИЗВОНРЕДНО КОМПАКТЕН УРЕД КОЈ НУДИ ЛЕСНО И ФЛЕКСИБИЛНО РАКУВАЊЕ.




## ИЗВОНРЕДНО КОМПАКТЕН УРЕД КОЈ ЗАШТЕДУВА ПРОСТОР

Серијата DR-C300, која е дизајнирана за канцеларии со ограничен слободен простор, се одликува со извонредно компактен и тесен дизајн што зафаќа многу помал простор на работната маса отколку многу модели од конкуренцијата. Совршен избор за подружници, продажни места и рецепции каде што максимизирањето на работниот простор е неопходно.



## РАЗНОВИДНИ ОПЦИИ ЗА ПОДДРШКА НА СИТЕ РАБОТНИ ПРОЦЕСИ СО ДОКУМЕНТИ

Благодарение на издржливиот механизам за снабдување со хартија, серијата DR-C300 овозможува сигурно скенирање во серии на различни видови документи, почнувајќи од извонредно тенка хартија и картички за идентификација, па сè до документи со должина до 6 m. Може да скенирате и пасоши директно преку механизмот за снабдување со хартија, без потреба да користите посебна подлога за носење. Ултразвучното откривање на двојно повлекување документи овозможува скенирање на сите документи, а функцијата за ослободување при двојно повлекување документи (DFR) овозможува брзо рестартирање на скенирањето, со што се минимизира времето на неактивност.

## ЛЕСНО РАКУВАЊЕ ЗА НЕПРЕЧЕНО СКЕНИРАЊЕ

Лесно ракување со интуитивен екран и лесно разбирливи икони, вклучувајќи и скенирање со еден допир користејќи однапред конфигурирани задачи, за забрзување и поедноставување на задачите за скенирање. Подигнатите копчиња ја подобруваат пристапноста, а сензорите пријавуваат грешки за скенирањето да биде непречено. Со DR Management Tool може да управувате централно со повеќе скенери во вашата организација. Скенерите се опремени со Type-C™-кабел за лесно и практично поврзување[1].









Canon



## МАКСИМИЗИРАЈТЕ ГИ ПРОДУКТИВНОСТА И КВАЛИТЕТОТ НА СЛИКАТА

Подобрете ги перформансите и ефикасноста со брзина за двострано скенирање до 120 слики/мин. (моделот DR-C360). Со големиот механизам за снабдување за 100 листови може да скенирате одеднаш повеќе документи во серија. Заштедете уште повеќе време и труд со функцијата за автоматско разделување датотеки и адаптивните контроли за обработка на слики. Создавајте доследни висококвалитетни слики кога скенирате различни видови документи, благодарение на активниот праг и другите алатки за напредна обработка на слика.




## МОЌЕН СОФТВЕР СО OCR

CaptureOnTouch Pro е софтвер за скенирање документи, наменет за компјутери, кој нуди практичен интерфејс и едноставно ракување со икони, и располага со моќни алатки за обработка на документи. Поставете задачите да се зачувуваат во различни формати, вклучувајќи PDF, PNG, JPEG, TIFF, BMP, PPTX, Word и Excel; поддржува OCR, препознавање баркодови и 2D-кодови, како и создавање датотеки со индексни податоци за лесна интеграција во постојните работни процеси и системи за управување со документи.

## НАМАЛЕТЕ ГИ РАБОТНИТЕ ТРОШОЦИ

Со DR Scanner Management Tool од Canon може истовремено да ги следите и дистрибуирате поставките за голем број скенери во вашата компанија и вашите работни опкружувања.

## НАМАЛЕТЕ ГО ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Комплетот за замена на валјакот помага во минимизирање на отпадот, а пакувањето направено од биоразградливи материјали кои може да се употребуваат повторно помага во намалување на употребата на пластика. Моделите од серијата DR-C300 имаат помала потрошувачка на енергија и заштедуваат ресурси со оптимален број на употребени делови.

Canon

# ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

## imageFORMULA DR-C300 series

| СПЕЦИФИКАЦИИ ЗА ПРОИЗВОДОТ | | | |
|---|---|---|---|
| | DR-C340 | DR-C350 | DR-C360 |
| **Тип** | Скенер за на работна маса со механизам за снабдување со листови и опција за двострано скенирање | | |
| **Сензор за скенирање** | CIS | | |
| **Оптичка резолуција** | 600 dpi | | |
| **Извор на светлина** | RGB LED | | |
| **Страна на скенирање** | Предна/ задна/ двострано | | |
| **Поддржани интерфејси** | USB 3.2 / USB 3.1 / USB 3.0 / USB 2.0 (тип приклучок: Type -C™)[1] | | |
| **Димензии (ШхДхВ)** | Затворен фах: 283 x 223 x 218 mm | | |
| **Тежина** | 3,2 kg | | |
| **Предуслови за напојување** | AC 220 - 240 V (50/60 Hz) | | |
| **Потрошувачка на енергија** | Скенирање: 15,6 W или помалку<br>Режим на мирување: 0,6 W<br>Исклучено напојување: 0,1 W или помалку | | |
| **Работни услови** | 10 °C до 32,5 °C Влажност: 20 % до 80 % RH | | |
| **Усогласеност за заштита на животната средина** | Производ: EPEAT[2], Energy STAR[3], RoHS<br>Производител: ISO 9001, ISO 14001, ISO 45001, ISO 13485, ESG | | |
| **СПЕЦИФИКАЦИИ НА СКЕНИРАЊЕ** | | | |
| **Црно-бело (A4, 200 dpi)** | 40 стр./мин. / 80 слики/мин. | 50 стр./мин. / 100 слики/мин. | 60 стр./мин. / 120 слики/мин. |
| **Во боја (A4, 200 dpi)** | 40 стр./мин. / 80 слики/мин. | 50 стр./мин. / 100 слики/мин. | 60 стр./мин. / 120 слики/мин. |
| **Излезна резолуција** | 100/ 150/ 200/ 240/ 300/ 400/ 600/ 1200 dpi | | |
| **Излезен режим** | Во боја / сиви тонови/ црно-бело | | |
| **Препорачан дневен обем** | од 4.500 до 7.000 скенирања/ден | од 5.000 до 8.000 скенирања/ден | од 7.500 до 13.000 скенирања/ден |

| СПЕЦИФИКАЦИИ НА ДОКУМЕНТИ | |
|---|---|
| **Ширина** | 50 - 216 mm |
| **Должина** | 54 - 356 mm |
| **Дебелина** | 27 g/m² - 413 g/m² (0,04 - 0,49 mm) |
| **Режим за долги документи** | До 6.096 mm |
| **Скенирање визит-картички** | Ширина: 50 - 55 mm / Должина: 85 - 91 mm / Дебелина: 128 - 255 g/m² (0,15 - 0,3 mm) |
| **Скенирање пластични картички** | Ширина: 86 mm / Должина: 54 mm / Дебелина: 1,4 mm или помалку (поддршка за картички со релјеф) |
| **Скенирање пасоши** | Дебелина до 6,0 mm (со подлога за носење) / 4,0 mm (без подлога за носење) |
| **Одвојување листови** | Метод на валјак за задржување |
| **Капацитет на механизмот за снабдување со листови** | 100 листови (A4) |

| СПЕЦИЈАЛНИ ФУНКЦИИ | |
|---|---|
| | Серија DR-C |
| **Специјални функции** | Ултразвучно откривање на двојно повлекување документи, автоматско откривање бои, прескокнување празна страница, автоматско откривање на големина на страница, автоматско поставување резолуција, ориентација на текст, препознавање, препознавање баркодови/2D-кодови, OCR-препознавање, разделување серии, активен праг, подобрување текст (I/II), корекција на закосување, ослободување на двојно повлекување, претходно скенирање, 3-димензионално, корекција на бои, спречување на пробивање на боите/ отстранување заднина, израмнување на заднината, истакнување знаци, изоставување/подобрување боја (RGB), функција MultiStream, приспособливи поставки за гама, намалување на ефектот Moire, режим на превиткување, приспособување на соодносот за намалување, црно-бел контраст, обратна слика, систем за брзо враќање во функција. |
| **СОФТВЕР ШТО СЕ ИСПОРАЧУВА СО УРЕДОТ** | |
| **Windows** | Драјвери ISIS, TWAIN и WIA / CaptureOnTouch Pro / Canon imageFORMULA Driver Setting Tool / DR-Management Tool (само со преземање) |
| **ДРУГИ ОПЦИИ** | |
| **Потрошни материјали** | Комплет за замена на валјак |
| **Опции** | Единица за скенирање со рамно лежиште 102 (A4)<br>Подлога за носење A4-листови<br>Подлога за носење пасоши |

Сите податоци се засноваат врз стандардните методи за тестирање од Canon, освен ако не е поинаку назначено.

Подлежи на промена без претходно известување.

**Фусноти:**
[1] USB Type-C™ и USB-C™ се заштитни знаци на USB Implementers Forum.
[2] EPEAT е американски сертификат
[3] ENERGY STAR не важи во Европа

**ОДРЕКУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ**
Сите податоци се засноваат врз стандардните методи за тестирање од Canon, освен ако не е поинаку назначено. Брзината на скенирање може да се менува во зависност од спецификациите на компјутерот, поставките на скенерот и други фактори. Достапните функции се ограничени врз основа на софтверот, драјверот и оперативниот систем. Спецификациите подлежат на промена без претходно известување. Посетете го веб-сајтот на Canon за повеќе информации. Canon и логото на Canon се регистрирани заштитни знаци на Canon Inc. во САД и може да се заштитни знаци или регистрирани заштитни знаци во други земји.
imageFORMULA е заштитен знак на CANON ELECTRONICS INC.
Microsoft, Windows, Microsoft Edge и Microsoft Teams се заштитни знаци или регистрирани заштитни знаци на Microsoft Corporation во САД и во други земји.
QR Code е регистриран заштитен знак на DENSO WAVE INCORPORATED во Јапонија и во други земји.
ISIS е регистриран заштитен знак на OpenText во САД.

**Canon Electronics Inc.**
canon-elec.co.jp

**Canon Europe**
canon-europe.com

Macedonian edition
© Canon Europa N.V., 2026